

# Едноставна бесплатна проверка може да го спаси вашиот живот

Некои луѓе сметаат дека е тешко да се зборува за рак -уште потешко кога се работи за рак на дебелото црево. Но, зборувањето за тоа со вашиот доктор, семејството, најблиските и верни пријатели би можело да ви го спаси животот.

Добра вест е дека доколку се открие рано, ракот на дебелото црево може успешно да се лекува. Друга добра вест е дека Владата на Австралија има бесплатна програма која ви овозможува сами да направите проверка за рак на дебелото црево.

Во годината кога наполнувате 50, 55, 60, 65, 70 или 74 години, Владата ќе ви испрати по пошта комплет за бесплатна проверка. Постојат голем број на чекори во процесот на проверката, но можете да ја завршите првата етапа од проверката во приватноста на вашиот дом.

Сакате да дознаете повеќе?
Посетете ја http://www.cancerscreening.gov.au/bowelcancer/macedonian за поединости за програмата на македонски јазик.

Ако сакате да зборувате со преведувач, ве молиме јавете се на 13 14 50 и побарајте од нив да телефонираат на Информативната линија на Национална програма за откривање рак на дебелото црево на 1800 118 868.

Australian Government
Department of Health and Ageing

NATIONAL BOWELCANCER SCREENING PROGRAM